Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – University „Ss. Cyril and Methodius“

Филозофски факултет, Скопје – Faculty of Philosophy, Skopje

Институт за дефектологија – Institute of Special Education and Rehabilitation

# 25 Години Студии по дефектологија
# 5. Меѓународна конференција

# „ТРАНСФОРМАЦИЈА КОН ОДРЖЛИВО И ФЛЕКСИБИЛНО ОПШТЕСТВО ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ“



# 25 Years of Special Education and Rehabilitation Studies
# 5th International conference

# „TRANSFORMATION TOWARDS SUSTAINABLE AND RESILIENT SOCIETY FOR PERSONS WITH DISABILITIES“

**Зборник на трудови**
**Conference proceedings**

**13 – 15 септември 2018 година**
**Хотел „Инекс Горица“ – Охрид, Република Македонија**

**Издавач на зборникот/Publisher:**
**Филозофски Факултет – Скопје, Институт за дефектологија**
**Бул. „Гоце Делчев“ 9А, Скопје**

**Faculty of Philosophy – Skopje, Institute of Special Education and Rehabilitation**
**Blvd. Goce Delchev 9A, Skopje**

**За издавачот / For publisher:**
**Proffesor Ratko Duev, PhD, Dean of the Faculty of Philosophy**

**Уредници / Editors:**
**Professor Goran Ajdinski, PhD**
**Associate professor Olivera Rashikj-Canevska, PhD**

**Секретар / Secretary:**
**Maja Filipovska, M.Sc**

**Лектор по македонски јазик / Lecturer of the Macedonian language:**
**Makedonka Bubevska**

**Печати / Printing:**
**Мар-Саж, Mar-Saz**

**Тираж / Circulation:**
**100**

## ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР / ORGANIZATIONAL COMMITTEE:

Assistant Professor Natasha Stanojkovska-Trajkovska PhD (chair / претседател)

Prof. Goran Ajdinski PhD

Prof. Zora Jachova PhD

Prof. Daniela Dimitrova-Radojichikj PhD

Prof. Natasha Chichevska-Jovanova PhD

Prof. Zoran Kitkanj PhD

Associate Professor Olivera Rashikj-Canevska PhD

Assistant Professor Aleksandra Karovska-Ristovaka PhD

Maja Filipovska M.A.

## МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН ОДБОР / INTERNATIONAL PROGRAMME COMMITTEE:

Prof. Goran Ajdinski PhD (chair) (Macedonia) / претседател

Prof. Zora Jachova PhD (Macedonia)

Prof. Daniela Dimitrova-Radojichikj PhD (Macedonia)

Prof. Natasha Chichevska-Jovanova PhD (Macedonia)

Prof. Zoran Kitkanj PhD (Macedonia)

Prof. Risto Petrov PhD (Macedonia)

Prof. Vivijana Langher PhD (Italy)

Prof. Rivka Hillel Lavian PhD (Israel)

Prof. Goran Nedovic PhD (Serbia)

Prof. Branka Jablan PhD (Serbia)

Prof. Natalija Ivanovic PhD (Serbia)

Prof. Mira Cvetkova PhD (Bulgaria)

Prof. Ana Jakab Wagner PhD (Croatia)

Prof. Zamir Mrkonjic PhD (Bosnia and Herzegovina)

Prof. Medina Vantic-Tanjic PhD (Bosnia and Herzegovina)

Associate Professor Olivera Rashikj-Canevska PhD (secretary of scientific board) (Macedonia) / секретар на научен одбор

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА

**13.09.2018 ЧЕТВРТОК**

**16.00 – 17.30 Регистрација на учесниците**

**Свечено отварање на конференцијата во Дијамантска сала**

**18.00 – 19.00 Поздравни обраќања**

**Доц. д-р Наташа Станојковска Трајковска,** Раководител на Институт за дефектологија

**Проф. д-р Ратко Дуев,** Декан на Филозофски факултет

**Г-н Петар Атанасов,** Заменик министер за образование и наука

**Г-а Мила Царовска,** Министер за труд и социјална политика

**Г-н Венко Филипче,** Министер за здравство

Настап на **Ема Ананиевска**, студент на Академија за музички уметности

Доделување благодарници на институции соработници на Институт за дефектологија

Промоција на зборник на трудови – ***Проф. д-р Горан Ајдински****, главен* уредник на зборникот на трудови и претседател на научниот одбор

**Фото сесија**

| | |
|---|---|
| 19.30-20.30 | Пленарни излагања |
| 19.30-19.50 | Значењето на работата за лицата со инвалидност – придобивки од програмата за социјална инклузија во Словенија - Александра Табај, Центар за работна рехабилитација, Универзитетски центар за професионална рехабилитација, Словенија |
| 19.50-20.10 | Придобивки и перспективи на развојниот модел на раната интервенција - Валентина Дуковска, Филип Дума, ЈЗУ Клиника за детски болести, Оддел за неврологија |
| 20.10-20.30 | Состојби и предизвици на инклузивното образование во Р. Македонија - Оливера Рашиќ-Цаневска, Горан Ајдински, Институт за дефектологија Филозофски факултет –Скопје |
| 20.30 | Коктел |

# СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ НА ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

**Оливера Рашиќ-Цаневска**
**Горан Ајдински**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Институт за дефектологија

## Резиме

За да се разбере инклузијата и да се постави на вистински темели, неопходно е да се тргне од културата и традицијата на општествената заедница во која се поставува. Концептот на инклузивно образование е терен во кој се натпреваруваат и судираат контрадикторни вредности, политики и процеси.

*Целта на студијата е да се направи увид во моменталната состојба на инклузивно*то образование во Р. Македонија и да се детерминираат проблемите и предизвиците со кои се соочуваат сите учесници во инклузивниот процес. Потребните податоци беа добиени преку дескриптивна и компаративна анализа на сите законски и подзаконски акти, стратешки и проектни документи од една страна и спроведување на веб-*анкетирање на 89 дефектолози во редовните основни и средни училишта, од друга страна.*

*Анализата на податоците посочи на континуирано еволуирање на инклузивното образование и покрај повеќекратните почетоци и анулирање на работата* на експертите и првите обиди на инклузивно образование. Како најчести детерминирани проблеми се недостаток на соодветна документација на учениците со посебни образовни потреби, недостаток на просторни и материјално-технички услови за работа, оценувањето на учениците и пред сè недоволна развиеност на инклузивниот процес во рамките на предучилишното воспитание.

*Новите промени во законската легислатива ветуваат унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес* на децата со пречки во развојот, но потребно е вмрежување на институциите во насока на искористување на сите потенцијали.

**Клучни зборови:** инклузивна практика, инклузивна политика, предизвици и проблеми

## Вовед

Да се даде осврт на историјатот на инклузивното образование не е ни малку лесен чин, знаејќи дека станува збор за разнообразно меѓународно движење, кое се појавува во повеќе облици и е вкоренето во многу разновидни социјални и историски услови и процеси (Barton, Armstrong, 2008). Идејата за инклузивно образование датира од 1994 година, промовирана во Изјавата и Акциската рамка од Саламанка и „Програма за сите" на УНЕСКО, кои се залагаат училиштата да ги прифатат сите деца, без разлика на нивните физички,

интелектуални, емоционални, социјални, јазични и други карактеристики, а специјалните училишта да се искористат како вреден ресурс за развој на инклузивните училишта (Ајдински, 2017; Диздаревиќ, 2017).

Фактот дека ***„инклузијата“*** е центар на внимание, еден пролонгиран период, е само директен показател на комплексноста и конфузноста на проблемот. Инклузијата бара холистички и координиран пристап со адресирање на сите социо-економски, културни и политички бариери кои се основа за маргинализација на одделни групи на луѓе. Континуираниот пораст на застапниците за промена на училиштата и образовните системи во склад со индивидуалните потреби на одделни ученици доведоа до фазата на преиспитување на претходно утврдените посебни образовни патишта и замена на медицинските модели со социјални толкувања на потребите на поединците и заедницата во која тие живеат (Rose, 2010).

## Методологија

Во насока да се добијат комплетни и релевантни податоци поврзани со процесот на инклузивно образование во Р. Македонија, решивме да спроведеме комбинирана аналитичка студија, при тоа правејќи опсежна анализа на содржината на законската легислатива, стратешките и проектни документи поврзани со образованието на децата со посебни образовни потреби во Р. Македонија и квалитативна анализа на теренот, спроведувајќи анкета за проблемите и предизвиците со кои се соочуваат дефектолозите (специјални едукатори и рехабилитатори) при работа во редовните училишта.

Водејќи се од предметот на истражување, утврдување на состојбата и предизвиците на инклузивното образование во Македонија, целта на студијата е аналитичка и евалуативна, во насока да се креираат стандарди, начела и принципи за успешно образование на децата со пречки во развојот, во редовните или ресурсни училишта.

Методи кои се употребуваа во истражувањето беа метод на компаративна анализа и метод на генерализација и методи на веб-анкетирање. Наспроти релативно кратката историја на веб-анкетирањето, ваквата методологија веќе на големо има оставено траги врз научно истражувачката работа (Couper, Miller, 2008). Првиот графички пребарувач е спроведен 1992 година од страна на Netscape Navigator, а следен од Internet Explorer во 1995 година, додека пак првите објавени трудови со реализирани веб-истражувања датираат од 1996 година (Couper, Mick, 2000). Со ова не сакаме да наведеме дека новиот пристап на веб-анкетирање или веб-истражувачки техники ќе ги засенат останатите видови, туку само дека привлекуваат поголемо внимание заради помалата финансиска вредност (потрошувачка) и заштедата на време, но од друга страна за разлика од „лице в лице“ истражувањето се одликува со поголем осип (не одговорени прашалници) и помала објективност (Manfreda и сор., 2008). Најголема застапеност на веб-истражувањето има кај пазарниот сектор, но со голема експанзија се следени и од страна на академскиот и секторот на јавна политика и социјални ставови, при тоа најчесто користејќи

комбиниран истражувачки метод (Couper, 2011).

Целокупната расположлива документација беше анализирана, а податоците кросреференцирани. Анализата беше направена во 6 фази: скенирање на предметот на истражување, пребарување, селектирање, анализирање, синтетизирање и известување.

## Примерок за квалитативно истражување

Примерокот на истражувањето е пригоден формиран врз основа на претходно формиран список на учесници, членови на веќе претходно креирана група за инклузивно образование (List-based samples). Анкетниот прашалник беше испратен на 120 дефектолози вработени во редовни училишта, при што беа пополнети 24 анкетни прашалници од дефектолози во средни училишта и 65 прашалници од дефектолози од основни училишта. Според податоците добиени од Министерството за образование и наука, моментално има 172 дефектолози во редовните основни училишта, 63 во редовни средни училишта, а обезбедена е согласност за вработување на дополнителни 131 дефектолог, 74 во основните училишта и 57 во средните училишта.[1]

## Истражувачки прашања за квалитативната анализа на податоци

1. Дали инклузивното образование е дефинирано во законските акти?
2. Како е планирана реализацијата на инклузивното образование на учениците со посебни образовни потреби?
3. Дали се екипирани стручните тимови во училиштата?
4. Дали е обезбедена пристапност (физичка, методско-техничка) во училиштата?

## Анализа на резултати со дискусија

Инклузивно образование во Р. Македонија (анализа на законски, стратешки, проектни документи)

Судејќи според случувањата во последните неколку години, насловите по медиумите, темите на конференциите и трибините ќе кажеме дека инклузивноста во образовниот систем во Република Македонија е релативно нов концепт, како и во многу други земји на Југоисточна Европа, но реалните согледувања и анализата на целокупната документација нè водат до фактот дека Р. Македонија или поточно кажано, одделни организации и стручни лица во Р. Македонија веќе 2 децении се занимаваат со проблемот на инклузија.

1 Допис на Министерство за образование и наука на Р. Македонија до Хелсиншки комитет за човекови права, 2018 година, достапно на http://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/dokumenti/predlozi/Odgovor_odMONdoHelsinshki_komitet_za_covekovi_prava_na_RM.pdf

Светските трендови на антидискриминаторска политика, земајќи ги предвид различните видови попреченост како основа за дискриминација во училиштата во нашата земја, почнуваат да се појавуваат уште 1998 година, кога кај одреден број наставници во редовните училишта се појавува иницијативата за дополнителна едукација за работа со деца со посебни образовни потреби (Јачова, 2004).

Процесот на инклузија во Р. Македонија започнува со проектна активност во 1998 година водена од Бирото за развој на образование, претставници од канцелариите на УНЕСКО и УНИЦЕФ, проф. д-р Зора Јачова како консултант од Институтот за дефектологија (Филозофски факултет), претставници на родители, претставници од Министерство за образование и наука и директори од основните училишта. Во проектот наставници од 5 редовни основни училишта („Димо Хаџи Димов“, „Кочо Рацин“, „Дане Крапчев“ и „Партениј Зографски“ од Скопје и ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ од Битола), се едуцираат за работа со ученици со посебни образовни потреби и во нивните одделенија вклучуваат ученици со пречки во развојот, имплементирајќи инклузивна практика, а во 1999 год. во проектната активност се вклучуваат и 5 предучилишни установи (Јачова, Самарџиска-Панова, Лешковски, Ивановска, 2002). Процесот се интензивира со вработувањето на дефектолози во редовните училишта, прво на ниво на општина, а потоа и во самите училишта во 2014/2015 година.

Иако практиката нè упатува на дводецениско работење, ретроградната анализа на законската легислатива, која се однесува на образованието на деца со посебни потреби, не укажува на видлива поврзаност со меѓународните документи (Конвенцијата за правата на детето, Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и Изјавата од Саламанка). Индивидуалниот пристап кон секое дете со посебни потреби, наместо издвојување како група на деца, е појдовна основа во креирање законски решенија на национално ниво во сите развиени земји. За разлика од документите на другите земји, инклузијата во Р. Македонија се спомнува во прирачници изработени во рамките на различни проекти: „Прирачник за проектот Инклузија на децата со посебни потреби во редовните училишта во РМ“, „Инклузија во средното стручно образование“, „Прирачник за професионален развој на учителите - Фокусно подрачје: инклузија, разновидност и демократски вредности“, „Улогата на асистивната технологија во процесот на индивидуализација на наставата во инклузивните училишта“ и многу други (Народниот правобранител на Република Македонија, 2016).

Првите обиди на подобрување на образовниот систем во Р. Македонија се забележуваат во стратешки документи, иако не се директно врзани со инклузијата, не промовирајќи недискриминација по основ на попреченост. Националната стратегија за развој на образованието (2005- 2015) претставува прв обид да се подобри образовниот систем за сите ученици, предвидувајќи подобрување на физичкиот пристап до образовните институции; намалување на дискриминацијата во училиштата (врз основа на полот, бојата на кожата, етничката припадност, националноста, политичката определба или верската припадност); подобрување на образовните искуства и резултати за сите деца; зголемување на грижата за децата со посебни образовни потреби; и

проширување на можностите како за предучилишно образование така и за годините на задолжително основно образование (поконкретно, основното училиште се продолжи од осум на девет години задолжително средно образование) (Стратегија за развој на образованието 2005-2015).

Инклузијата како можен начин на образование на децата со посебни потреби се спомнува во Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност (ревидирана 2010-2018) и Националната програма за усвојување на правото на Европска Унија, при тоа негативно критикувана од страна на странските експерти заради несоодветно толкување и презентирање. Критиките се насочени кон формалното сместување на посебните училишта во единствениот систем на образование и означувањето со инклузија на едноставното физичко сместување на децата со посебни потреби во редовните училишта (Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност (ревидирана) 2010-2018).

Негативните критики од страна на релевантни меѓународни институции имаа влијание врз креирање на новите стратешки документи, законски и подзаконски акти. Системот на медицинска класификација се напушта, насочувајќи се кон детерминирање на функционалната способност на децата (МКФ – Меѓународна класификација на функционирање) и можноста за нивно едуцирање во редовниот образовен систем.

Сеопфатната стратегија за образованието за 2018-2025 година на Р. Македонија опфаќа низа мерки со кои се предвидува зголемување на инклузивноста на образовниот систем, пред сè насочувајќи се кон инфраструктурата на образовниот систем, вклучително градбите, опремата, наставните и асистивните технологии, наставниот план и програма и учебниците за учениците со посебни образовни потреби, осигурување на компетенциите на наставниците и стручните служби кои работат со ученици од овие групи со цел да се обезбеди соодветна средина за учење во целина и вклучување на лицата со посебни образовни потреби.

По анализата на стратегијата по нивоа на образование, а тргнувајќи од тоа дека успешна инклузија во училиштата не би можеле да имаме ако претходно не е обезбедена инклузија во предучилишните институции, неопходно е да се напомене потребата од дополнително разработување на план за предучилишниот инклузивен процес. Имено, во 2013 година, вработени се логопеди во скоро сите детски градинки во Република Македонија, а во 2015 година вработените од 10 пилот-градинки поминаа обука за инклузија во рано учење и развој заснована врз соодветните модули за стручно усовршување и изготвен е и Прирачник за инклузивно предучилишно образование. Во однос на реалната ситуација, поставени приоритети во стратегијата се приспособување на содржината и методите според кои се реализираат активностите со децата во предучилишното образование за да ги вклучат децата со посебни образовни потреби; Обезбедување на средина која пружа морална поддршка и постои позитивно јавно мислење за инклузивното образование и воспоставување административна основа за обезбедување инклузивно образование (Сеопфатната стратегија за образованието за

2018-2025 година на Р. Македонија). Неизбежно е да се наведе и потребата од едукација на кадарот во предучилишните установи за работа со деца со посебни потреби, како и екипирање на стручниот тим во секоја градинка со дефектолог-специјален едукатор и рехабилитатор.

Во однос на основното образование, како недостатоци се наведени недоволната вклученост на учениците со посебни образовни потреби, немањето на соодветен механизам за нивно вклучување, негативни ставови на родителите на децата врсници и некомпетентноста на наставниците. Од објавените податоци би истакнале дека недостаток претставува и немањето на асистивна технологија неопходна за инклузивно образование, водејќи се од фактот дека во соработка со БРО и граѓанскиот сектор, МТСП спроведува проект во 32 основни училишта за примена на асистивни технологии во наставата (со користење специјални уреди, приспособена стандардна компјутерска опрема итн.), со цел да им се овозможи на учениците со посебни образовни потреби да користат компјутери.

Инклузивната практика во редовните средни училишта може да се пофали со изготвени нови наставни планови и програми приспособени за учениците со оштетен вид и оштетен слух, овозможувајќи им на учениците со полесна попреченост со завршување IV година од образованието да полагаат приспособена државна матура и да го продолжат образованието на високообразовните институции во земјата и во странство. Како главни недостатоци кои се истакнуваат се слабиот физички (објектите, опремата за вежбање и останатата опрема) и дидактичко-методолошки пристап во повеќето средни училишта; и исклучително ограничени услови за инклузија на учениците со посебни образовни потреби.

Еден од основните проблеми кои не е опфатен во стратегијата е стручно образование и обука на лицата со инвалидност и нивно конкурирање на пазарот на трудот.

Континуираното присуство на странски експерти придонесе и за предлог-промени во Законот за основно образование. Прва и основна промена е дополнување на недискриминаторската политика и воведување забрана за дискриминација по однос на ментална и телесна попреченост (различен степен на функционалност). За учениците со посебни образовни потреби се предвидува образование во редовни или ресурсни основни училишта и обезбедување индивидуална поддршка. Задолжителните и изборните предмети за учениците со посебни образовни потреби ќе се спроведуваат во согласност со образовните програми засновани на резултати од учење, а во согласност со Стандардот на квалификации за основно образование од Регистарот на МРК приспособени на нивните посебни образовни потреби. Измените на Законот го утврдуваат и бројот на учениците со посебни образовни потреби во општинските училишта да не може да биде повеќе од два во едно одделение, со единствена цел, избегнување на нивно групирање и изолирање во една паралелка и да се овозможи нивна инклузија со можност за непречено одвивање на образовниот процес, посочи министерката за образование и наука. Заради дополнителна и стручна помош во воспитувањето и образованието

на децата со посебни образовни потреби, се предвидува формирање на мобилни служби составени од стручни лица (психолог, специјален едукатор - дефектолог, логопед, социјален работник, педагог), а исто така се предвидува училиштето да обезбеди личен асистент на ученикот со посебни образовни потреби, при што асистентите ќе добиваат надомест за својот ангажман од Буџетот на Република Македонија, се воведува и можноста за организирање и остварување на основното образование во здравствени и домашни услови за ученици на домашно и болничко лекување подолго од три недели. Личниот асистент ќе биде ангажиран преку програмата „Општинско корисна работа" во соработка со локалните заедници, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука и Агенција за вработување. Позитивна промена во законот е воведување законска регулатива за формирање инклузивен тим со обврзување на тимот за изработка на Индивидуален образовен план (ИОП) во рок од 30 дена од запишување на ученикот (Нацрт-закон за основно образование, 2018). Иако предлог-измените предвидуваат намалување на бројот на ученици во рамките на одделението, сепак, Законот не предвидува дополнително намалување на бројот на ученици за сметка на вклучен ученик со посебни образовни потреби, кој размер во светски рамки изнесува од 1 : 2 или 1 : 3 (Terzi, 2008).

Друг новитет кој го поддржува инклузивното образование е воведување блок-донации за средно образование на ниво на општини и град Скопје, што за основните училишта е воведено уште од 2008 година („Службен весник на Р. Македонија" бр. 133/19).

## Резултати од квантитативна анализа (анкетирање на дефектолозите)

Анкетниот прашалник се состоеше од 40 прашања наменети да ја мапираат моменталната состојба на инклузивното образование во редовните училишта во Р. Македонија, поточно да ги детерминираат проблемите и предизвиците со кои се соочуваат дефектолозите (специјалните едукатори и рехабилитатори).

Од одговорите на испитаниците (сл. 1) може да се забележи дека 12.5% од испитаниците одговориле дека опслужуваат повеќе училишта на ниво на општина и тоа посочувајќи на 3-5 училишта. Од одговорите на следните прашања констатиравме дека секој дефектолог во просек третира 15-20 деца на ниво на училиште, работејќи по 2-3 часа неделно со секое од децата, што укажува на потребата од комплетирање на стручниот тим во секое училиште и евентуално збогатување на тимот со уште еден дефектолог или користење на ресурсите на посебните училишта, со цел навремено опфаќање на сите инклудирани деца со индивидуален третман и подобар квалитет на инклузивното образование.




Сл. 1 Начин на работа на дефектолозите

Во однос на неопходна документација која треба да ја поседуваат учениците со посебни образовни потреби, 37.5 % од испитаниците одговориле дека над 50 % од учениците со посебни образовни потреби имаат наод и мислење, во ист процент одговориле дека помалку од 10 % од учениците со посебни образовни потреби имаат соодветен наод и мислење (Сл. 2). При споредба на одговорите помеѓу основните и средните училишта забележавме поголем недостаток на наод и мислење во рамките на средните училишта.




Слика 2. Бројна застапеност на ученици со ПОП кои поседуваат наод и мислење

Од сликите 3 и 4 може да се забележи дека бројот на ученици со посебни образовни потреби во рамките на едно одделение е во склад со препораките и новите измени на Законот за основно образование, т.е. по двајца ученици максимум, додека, пак, вкупниот број ученици варира 50 % од испитаниците одговориле дека бројот на сите ученици е помал од 20, дваесет и пет проценти одговориле дека бројот е помеѓу 20 и 25 ученици, но 12.5 % одговориле дека одделението брои над 30 ученици. Резултатите наметнуваат потреба од законска рамка за дополнително ограничување на бројот на ученици во одделение во кое има вклучено ученик со посебни образовни потреби.




Слика 3. Број на ученици со ПОП во рамките на едно одделение




Слика 4. Вкупен број ученици во едно одделение

Резултатите од испитаниците се во согласност со нашите согледувања на законската регулатива и стратешките документи, мал број од учениците со ПОП, 10 % - 20 % биле вклучени во предучилишни установи пред започнување на основно училиште, а 16.7 % од испитаниците посочиле дека во нивното училиште ниту едно од децата со ПОП не било опфатено во предучилишниот процес (Сл. 5). За успешен инклузивен процес неопходно е започнување од основата, социјализација на децата во градинки и подготовка за во основно училиште.




Слика 5. Колку од учениците со ПОП биле вклучени во предучилишни установи

На прашањето за користење дополнителни ресурси од страна на учениците со ПОП, испитаниците одговориле дека 30 % од учениците дополнително работат со дефектолог, одат на логопед и неколку деца користат услуги на психијатар. Извештаите на УНИЦЕФ (2016) истакнуваат дека 85.1 % од децата со ПОП користат ангажирање стручни лица (дефектолог, логопед, педагог, психолог и сл.).

Една од основните препреки во работата која дефектолозите ја истакнуваат е немањето на доволно материјал и средства за работа, неопходни за дефектолошки третман, 37.5 % одговориле дека имаат минимално, во ист процент одговориле дека имаат извесен материјал, но не е доволен за работа. Од потребните материјали ги истакнуваат: материјал за стимулативен третман, скали и тестови за проценка, асистивна технологија, нагледни средства итн. Во однос на физичката пристапност, дефектолозите ја истакнуваат потребата од приспособување на тоалетите и обезбедување рампи или лифтови. На прашањето за проблеми со кои се соочуваат при работата, 25 % од дефектолозите истакнале дека немаат соодветен простор за работа, а 37.5 % дека немаат доволна соработка со останатиот кадар во училиштето. Резултатите на нашето истражување корелираат со наодите од истражувањето на Бирото за развој на образование и УНИЦЕФ (2016) каде како основен проблем 74.6 % посочуваат недостаток на соодветен кадар, 66.9 % укажуваат на недостаток на материјални средства, 45.8 % посочуваат на недостаток на специјални услуги во социјалната средина.




Слика 6. Дали имате материјали и средства неопходни за дефектолошки третман и работа во инклузивно училиште?




Слика 7. Кои се најчести проблеми со кои се соочувате во училиштето?

Што се однесува до подготвеноста на наставниците за работа со ученици со ПОП, 62.5 % од испитаниците сметаат дека мал број наставници се подготвени и сакаат во своето одделение/клас да имаат дете со ПОП, 37.5 % сметаат дека повеќето наставници се подготвени (Сл. 8). Како најчести проблеми со кои се соочуваат наставниците се истакнуваат: изработка на нагледни средства приспособени за учениците со ПОП, директен контакт и реализација на час со учениците со ПОП (Сл. 9). Во склад со посочените проблеми, наставниците најчесто од дефектолозите бараат помош во изработка на ИОП и извлекување на учениците со ПОП од час (Сл. 10).




Слика 8. Подготвеност на наставниците за работа со ученици со ПОП




Слика 9. Најчести проблеми со кои се соочуваат наставниците




Слика 10. Најчеста помош која наставниците ја бараат од дефектолозите

При инклузивниот процес, според дефектолозите, со најголеми тешкотии се соочуваат учениците со интелектуална попреченост, а како проблеми

се идентификуваат оценувањето, адаптација на материјалот, мала свест на наставниците за реалните капацитети на овие деца (Сл. 11). Во склад со ова прашање, 12.5 % од дефектолозите одговориле дека во рамките на нивните училишта има по неколку случаи на деца кои го напуштиле училиштето. Според УНИЦЕФ (2016), 175 ученици од 58 училишта го напуштиле редовното образование.




Слика 11. Која категорија на ученици најчесто се соочува со проблеми при инклузивниот процес?

## Заклучни согледувања и предлог-мерки

Целокупната анализа на документацијата и резултатите добиени на терен укажуваат на повеќекратно започнување на процесот на инклузија, занемарувајќи ги претходните согледувања и резултати. Сепак, позитивно во последните години е континуираното подобрување на процесот на инклузивно образование на учениците со ПОП, изработката на нови стратешки документи кои се залагаат во секој домен да го софистицираат и унапредат квалитетот на образование на деца со пречки во развој, при тоа не засенувајќи ги посебните училишта, туку искористувајќи ги нивните ресурси. И покрај дводецениското постоење на инклузијата, македонските училишта сè уште се соочуваат со физички бариери, недоволен број на материјали за работа, недоволна мрежна поврзаност и искористување на надворешни ресурси и потенцијали.

## Препораки

- Законската регулатива да се дополни со начинот на оценување на учениците со ПОП во редовните училишта, да се овозможи комбинирано оценување со цел детално да се посочат развојните карактеристики и постигнувањата на секој ученик;
- Да се продолжи временскиот рок предвиден за доставување на ИОП, со оглед на фактот што 30 дена е релативно краток период за опсервација и проценка на способностите на ученикот, пред сè заради потребното време за неговата адаптација во новата средина;

- Да се дефинира во законската регулатива точен соодност на намалување на бројот на ученици во одделението со вклучување на ученик со ПОП;
- Да се предвиди работно насочување и стручно образование за децата со ПОП во склад со нивните способности;
- Да се комплетира стручниот тим во секое училиште и по потреба да се вработат дополнителни дефектолози;
- Да се комплетира стручниот тим во сите предучилишни институции со дефектолози, овозможувајќи ран стимулативен третман на децата со пречки во развојот;
- Обука на кадарот во предучилишните установи за работа со деца со пречки во развојот;
- Да се воспостави мрежна соработка помеѓу институциите, трансформација на посебните училишта во ресурсни центри и искористување на нивните професионални и материјално-технички капацитети;
- Инфраструктурно подобрување на училиштата за пристапност на сите ученици со ПОП;
- Усогласување на терминологијата дефектолог-специјален едукатор и рехабилитатор.

## Литература


Barton, L., Armstrong, F. (2008). Policy, Experience and Change: Cross-Cultural Reflections on Inclusive Education. Lodon: Springer Science + Business Media B.V.

Couper, M. (2011). Web Survey Methodology: Interface Design, Sampling and Statistical Inference. Instituto Vasco de Estadística (EUSTAT)

Couper, Mick P. (2000) 'Review: web surveys: a review of issues and approaches', The Public Opinion Quarterly, 64 (4): 464–94.

Couper, M., Miller, P. (2008). Web survey methods introduction. In *Public Opinion Quarterly, Vol. 72, No. 5 2008, pp. 831–835*

Manfreda, L., Bosnjak, K., M., Berzelak, J., Haas, I. and Vehovar, V. (2008). "Web Surveys versus Other Survey Modes: A Meta-Analysis Comparing Response Rates." *International Journal of Market Research 50(1):79–104.*

Rose, R. (2010). Confronting Obstacles to Inclusion. New York: Routledge

Terzi, L. (2008) Justice and Equality in Education. London: Continuum.

Ајдински Г. и сор. (2017). Интелектуална попреченост. Тетово: Универзитет во Тетово;

Диздаревиќ, А. и сор. (2017). Споредба на ставовите на наставниците за инклузивното образование во Босна и Херцеговина и во Европската унија; Во: Трајковски, В. Е., уредник. Дефектолошка теорија и практика; 18 (1-2): 92-108.

Допис на Министерство за образование и наука на Р. Македонија до Хелсиншки комитет за човекови права, 2018 година, достапно на http://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/dokumenti/predlozi/Odgovor_odMONdoHelsinshki_komitet_za_covekovi_prava_na_RM.pdf

Јачова, З. (2004). Инклузивно образование на децата со посебни потреби во Република Македонија, објавено во Дефектолошка теорија и практика; 2004 1-2:35-46

Јачова, З., Самарџиска-Панова Љ., Лешковски, И., Ивановска М. (2002). Прирачник за проектотинклузија на децата со посебни потреби во Р.М

Народен правобранител на Р. Македонија. (2016). Кон инклузивно образование, Извештај од спроведеното истражување за вклученоста на децата со посебни потреби во редовното основно образование. Скопје: УНИЦЕФ

Национална Стратегија за развој на образованието 2005-2015. Достапна на http://fvm.ukim.edu.mk/documents/Nacionalna-programa-za-razvoj-na-obrazovanieto-vo-Republika-Makedonija-2005-2015.pdf

Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност ревидирана 2010-2018. Достапна на http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/FINALNA%20Revidirana%20Nacionalna%20Strategija.pdf

Нацрт-закон за основно образование, 2018. Достапен на http://mon.gov.mk/index.php/2014-07-23-14-03-24/vesti-i-nastani/2353-reformi-vo-osnovnoto-obrazovanie-nov-zakon-za-osnovnoto-obrazovanie

Сеопфатната стратегија за образованието за 2018-2025 година на Р. Македонија. Достапна на http://www.mon.gov.mk/index.php/2014-07-23-14-03-24/vesti-i-nastani/2168-2018-2025

## STATUS AND CHALLENGES OF INCLUSIVE EDUCATION IN REPUBLIC OF MACEDONIA

**Olivera Rashikj-Canevska**
**Goran Ajdinski**
University "Ss. Cyril and Methodius" Faculty of Philosophy, Institute of Special Education and Rehabilitation

### Abstract

*In order to understand the inclusion and to set real basements it is necessary to start from the culture and tradition of the social community in which it is set up. The concept of inclusive education is a terrain in which competing and colliding contradictory values, policies and processes.*

*The goal of the research is to perceive the current situation of the inclusive education in the Republic of Macedonia and to determinate problems and challenges that all participants in the inclusive process are facing. The necessary data were obtained through descriptive and comparative analysis of all legal and secondary legislation, strategic and project documents on one hand, and conducting web survey on 89 special educators and rehabilitators in primary and secondary regular schools, on the other.*

*The data analysis indicated continuous evolution of the inclusive education despite multiple beginnings and cancelation of the work of experts and first attempts of inclusive education. The most common determined problems are lack of the appropriate documents of students with disabilities, lack of spatial and material-technical work conditions, assessment and scoring of students with special needs and above all insufficient development of preschool inclusive education.*

*The new changes in the legislation promise to promote the entire educational process of children with disabilities, but it is necessary to network the institutions in order to exploit all the potentials.*

**Key words:** inclusive practice, inclusive policy, problems and challenges,